# БИЛТЕН 4

## Извонредност во математичкото образование преку (e-) дебата и различност

Co-funded by the European Union

E = MD^2




Во периодот од 19 до 23 септември 2023 година во **Водице**, Хрватска се одржа **Курс за обука на наставници за користење на методот E=MD^2**. Настанот ги обедини сите партнери вклучени во проектот: 4 училишта од Република Северна Македонија, Романија, Хрватска и Шпанија, заедно со 3 организации: Отворена Европа од Шпанија, Универзитетот Гоце Делчев од Република Северна Македонија и Математичко друштво од Кипар.

Во текот на обуката, сите партнери-учеснички одржаа инспиративни сесии кои го покажаа своето искуство и експертиза. Примарната цел беше да ги запознае учесниците со иновативниот метод E=MD^2 и да ги насочи во користењето на платформата e-MATHDEBATE преку ангажирање практични активности. Некои од сесиите вклучуваа дискусии за учењето во иднина, визии за еволуцијата на методите и просторите за учење, методите на IPL и PBL, како и идентификување на технологиите и методологиите кои се составен дел на примената на новиот наставен метод.











Идентификационен број на проектот: 2021-1-ES01-KA220-SCH-000024455




https://platform.excellenceinmath.eu

**Завршната транснационална партнерска средба** се одржа на Универзитетот Гоце Делчев во Штип, Република Северна Македонија на 30 ноември и 1 декември. За време на средбата, пред локалните и националните медиуми беше претставена иновативната методологија на проектот.

На оваа средба беа презентирани завршните активности од проектот E=MD^2. Учесниците беа запознаени со користењето на платформата и упатствата за тоа како да се води е-дебатата во училницата. Ова е начин да се развие нов пристап и метод за дизајнирање на часови по математика. Работата со ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на математичките содржини е голем предизвик во создавањето инклузивна средина за учење. Партнерските училишта ќе продолжат со имплементација на E=MD^2 како методологија во наставата по математика, што од друга страна ќе гарантира развој и усовршување на методот. Резултатите од проектот ќе бидат со квалитет кој обезбедува усогласеност со филозофијата, концептите и процедурите содржани во основните активности и тие ќе оставаат трајно „наследство“.










# ПАРТНЕРИ

- Associacio Programes Educatius Open Europe -Spain
- Cyprus Mathematical Society- Cyprus
- Goce Delcev State University Stip - The Republic of North Macedonia
- Scoala Gimnaziala Ion Agarbiceanu Alba Iulia - Romania
- Osnovna skola Vodice - Croatia
- Municipality Primary School Ilinden - The Republic of North Macedonia
- Institut Julio Antonio - Spain

website
www.excellenceinmath.eu
facebook
www.facebook.com/ExcellenceinMath/
instagram
www.instagram.com/excellenceinmath/

Декември, 2023

Идентификационен број на проектот: 2021-1-ES01-KA220-SCH-000024455